УНИВЕРЗИТЕТ "СВ . КИРИЛ И МЕТОДИ"
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**
**Последипломските студии по педагошки науки**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# СОВРЕМЕНИ МОДЕЛИ ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Ментор:
Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова

Кандидат :
Флурим Зулфија

С к о п ј е, 2012

## БЛАГОДАРНОСТ

*Магистерскиот труд е изработен на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Тофовиќ – Ќамилова.Овој труд не би ја доживеал конечната верзија во оваа форма без искрената и целосната поддршка од мојот ментор, проф. д-р Марија Тофовиќ - Ќамилова за што му изразувам посебна благодарност за несебичната помош што ми ја даде во насочувањето, конципирањето, утврдувањето на предметот и целите на истражувањето, до дадените сугестии околу анализата, дискусијата и заклучоците.*

*Голема благодарност им изразувам на проф.др. Наташа Ангелоска Галевска и на проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ кои како членови на комисијата, со дадените насоки и сугестии при изработката на овој труд, се однесуваа како коментори, со што придонесоа во подигање на квалитетот на магистерскиот труд.*

*На доц..д-р Буниамин Мемеди му должам благодарност за укажаната помош и континуираната подршка, како и методолошко - обликување на овој труд.*

*Посебна и огромна благодарност им изразувам на мојата сопруга Мевлиде и моите синови Шпенд и Зејнула, кои во текот на моето усовршување во изминатите години ми даваа морална и сестрана поддршка.*

Флурим Зулфија

СОДРЖИНА

Вовед.........................................................................................................3

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1.Значењето и задачите по предметот музичко образование во деветгодишно образование .........................................................................................................5

2. Програмска поставеност во вториот развоен период ..........................................9

3.Програмска поставеност во вториот развоен од IV-VIодд.....................................11

3.1. Цели на наставата во вториот период ...............................................................12

3.1.1 Цели на наставата во IV одделение од вториот развоен период .....................13

3.1.2 Цели на наставата во V одделение од вториот равоен период .........................16

3.1.3 Цели во наставата во VI одделение од вториот развоен период.........................17

4.Формално развивање на дидактичка компетентност ............................................20

5. Неформални облици или форми за развивање на дидактичките компетенци кај наставниците обуки, семинари, проекти, иновации и др) .......................................34

6. Дизајнирање на современите дидактички модели по предметот музичко образование во вториот циклус од деветгодишното основно образование ..................39

6.1 Модели и дизајни за оперативен час од IV-VI одделение по предметот музичко образование во деветголетка..........................................................................41

# II Методологија на истражувањето

1 Предмет на истражувањето.................................................................................56

2.Цел и карактер на истражувањето.......................................................................56

3.Задачи на истражувањето....................................................................................56

4.Хипотези............................................................................................................57

5.Варијабли на истражувањето...............................................................................57

6.Примерок на истражувањето...............................................................................58

7.Методи на истражувањето..................................................................................59

8.Техники на истражувањето..................................................................................59

9.Инструменти на истражувањето...........................................................................60

# III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетниот прашалник..........................61

2. Осврт кон поставените хипотези .........................................................................94

**IV. Заклучни согледувања**......96
Препораки и сугестии ......97
Литература......99
Прилози......103

# Вовед

Со осамостојување на нашата држава, и во образованието се случуваат промени и реформи. Темелните принципи на основното воспитување и образование во Република Македонија се засновуваат врз Уставот на Република Македонија од 1991 год. ( член 44 ), а неговата содржина, организација и реализација е со Законот од 1995 год. ( в. Камберски, 2000, 58), целите и задачите се утврдени со посебен документ на Министерсвото за образование и физичка култура (Основно образование – содржина и организација на воспитно образовната дејност, 1996).

Во повеќе наврати од 1996 година се правени измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми, а особено познати се обидите за растоварување на наставните програми од преобемни или информативни и помалку значајни содржини што ја зголемува психофизичката оптовареност на учениците. Наставните програми што се донесени и дополнувани по 1996-та година заедно со искуството од повеќето развојни истражувачки проекти дадоа добра основа за развивање на нови модели за планирање на наставата. Исто така, едновремено се налага потребата за систематско прибирање објективни показатели за успехот на учениците по завршувањето на одделни образовни циклуси.

Со моделите за планирање на наставата, исто така, беа нагласени барањата за нов пристап во планирањето и организацијата на наставата во согласност со развојните и образовните потреби на учениците, меѓутоа и покрај тоа што беше прифатен концептот за развојно-процесно и содржинско планирање претежно се проверувани знаењата, а за вештините и ставовите постојат искази и термини кои покажуваат очекувани постигања. Со концептот од 1996 година, иновациите во практиката во основните училишта не најдоа поголема примена.

Современето образование со цел да ги разреши поголем дел од поставените дилеми користи најразлични стратегии секогаш бара подруг вид на наставата. Во согласност со брзиот технолошко- технички и научен развој на општеството, се поинтензивно се трага по нови стратегии, нови модели, форми и сл. Кои во образованието ќе придонесуваат за посовремена настава.

Современата настава бара отвореност кон новото, отвореност кон новите методи и модели, форми и средства кои потикнуваат на развој на творечка способност кај учениците и креативната улога на наставникот во комуникацијата со учениците.

Основното образование и воспитание во деветгодишно училиште во Република Македонија е одобрена од Министерство за Образование во согласност предвидена според стандардите на Европска Унија и одобрена според законот на основното образование и воспитание.[1]

Според новите програми, учениците ќе имаат поголема можност да напредуваат во учењето според нивните искуства, да го следат учењето според современите методи и на активен начин да учествуваат во секојдневната работа во училиштето. Во новите програми се земени примери постигањата на образованието во другите земји од Европска Унија и препораките од Советот на Европа и другите меѓународни организации.

Со новите програми како нови модели и нови дизајни, учениците на свој начин бараат информации и ги верификуваат и контролираат своите знаења и искуства, да истражуваат, да земаат одговореност за индивидуално учење, да соработуваат со другите ученици.

Централно место во тие промени зазема токму програмирањето на наставниот процес. Следејќи ги европските искуства нашата држава почна сериозно да размислува за унапредување и подобрување на образованието.

Во 2005 година беше донесена национална програма за развој на образованието во Република Македонија. "Националната програма за развој на образованието помага да се развие ефективен образовен систем кој располага со механизми за подготовка на младите и возрасните за сите предизвици и промени со кои ќе се судрат во утрешнината која доаѓа"( Национална програма за развој на Образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 5 )

Иновациите во образованието нема да застанат тука, туку се повеќе ќе го поткрепуваат и унапредуваат образовнието. Пред нас треба да си поставиме една јасна цел во структурата на образованието кон воведувањето на нови информации, но и нивно брзо обновување како одговор на времето во кои тие информации ќе следат.

---

[1] Сл.Весник на Р.М бр 15/2007

Концепцијата за деветгодишното основно образование видно ја измени досегашната состојба на осумгодишното основно образование со иновациите и развојот на технологијата во наставата со која секоја нова учебна година, наставниците се информираат, подготвуваат, обучуваат преку семинари, обуки, прирачници, проекти, наставни програми, учебници, наставни средства, ИКТ, од БРО со инструкции од МОН кои се предвидени за реализирање на наставните цели за поуспешна и подобра настава.

## 1.Значењето и задачите на предметот музичко образование во деветгодишно основно образование

Според програмата во основно образование се бара поголема ангажираност од страна на наставниците и учениците. Наставникот треба да ги постави основите на музичката писменост, што се од голема важност за понатамошно следење и надградување на знаењата на учениците во наредните одделенија. Од големо значење е внатрешната интеграција на наставните теми, но не треба да изостане и надворешната интеграција со другите предмети.

Музиката има огромно значење во развојот на детето. Со развојот на музичките способности кај децата се зголемуваат низа посебни способности, од кои имаат многу корист во детството, но и во подоцнежниот период во животот. Слухот, видот, вербалното изразување, способноста за читање, изучувањето странски јазици, математичките и креативните способности, социјалната прилагодливост... се само некои способности кои се интензивно развиени кај музичарите, но и кај луѓето кои се занимавале или изучувале свирење на некој инструмент.

Музиката во потполност го ангажира мозокот. Кога децата учат да свират на некој инструмент се активираат двете хемисфери на мозокот, со што се подобруваат интелектуалните способности, особено во однос на апстрактното мислење. Музиката влијае на психичкиот и физичкиот развој, а со влегувањето во светот на музиката кај детето активно се развива естетското расудување за уметноста воопшто.

Музиката има способност да го вежба мозокот за покомплексни размислувања како што се: решавање на некој проблем, расудување, анализирање, воочување на сличности и разлики. Со слушање класична музика се подобрува паметењето и

концентрацијата, а со учењето да се свири на некој инструмент се развива просторно – временското расудување (играње шах, геометрија, пропорција и природни науки).

Од голема важност е што со помош на музиката се развива фантазијата и креативноста, а децата кои свират на инструмент размислуваат бистро и критички. На повлечените деца кои имаат проблем со остварување на социјални контакти, музичката активност може да им служи како терапија, затоа што на детето му се овозможува преку музиката да се изрази и да се вклучи во колективните активности.

Детските музички активности се предуслов за развој на музичките способности, вештини и знаења. Наставата по музичко образование може да влијае на детската естетика, како и на: психолошкиот, физичкиот, емоционалниот, интелектуалниот, социјалниот и моралниот развој на детето.

Истражувањата покажуваат дека слушната перцепција најмногу влијае на човековата емоција во споредба со визуелната перцепција, која има поголемо влијание на интелектуалните способности. Емоционалниот аспект на музичките активности кај детето поттикнува развој на една многу важна социјална вештина како по што е емпатијата (сочувствување со другарчињата). Афективните процеси што ги поттикнува наставата по музичко образование кај детето овозможуваат доживување на позитивни емоции како што се радост, релаксирање и др.

При планирањето на активностите од областа на уметноста, а со цел да го развиваме естетскиот вкус кај детето, како и способностите за процена и вреднување на естетските квалитите на музиката, секако, планираме: пеење, танцување, глумење, свирење, литературно разување, сликање и слушање класична музика.

Интеграцијата за психофизичкиот развој на детето претставува врска помеѓу музиката и движењето.

Часовите наменети за свирење на детски музички инструменти ќе придонесат за развивање на моторичките способности, координација и прецизност во движењата на детето. Активностите кои се потребни за детето да се оспособи да свири на ДМИ ја зголемуваат контролата над сопственото тело.

Со вежбање и подобрување на техниката за правилно дишење при пеење и свирење се влијае врз целокупното здравје на детето, отпорноста и издржливоста.

Заедничкото пеење и свирење во училницата, како и хорското и оркестарското музицирање кај детето развиваат чувства за социјално интегрирање: припадност и одговорност кон колективната и индивидуалната работа во групата. Би можеле да констатираме дека со овие активности детето се прилагодува кон заедничките потреби, но истовремено може да ги покаже и своите способности.. Значи, кај детето се развива самодовербата и позитивниот став кон себеси и кон другите.

Музичките активности придонесуваат за развој на интелектуалните способности на детето како: внимание, перцепција, памтење и размислување. Со оглед на тоа што музичките активности ги поттик- нуваат на работа двете хемисфери на мозокот, кај децата се постигнува аналитичко и синтетичко мислење.

Според значењето по предметот музичко образование во вториот циклус од основно деветгодишно основно образование од горенаведенето, има како задача да развива и поттикнува: емотивен, естетски, психофизички, интелектуален, морален и социјален развој кај детето односно ученикот.[2]

Предметот музичко образование во деветгодишно основно образование е задолжен предмет во трите развојни периоди. Во првиот развоен се задолжни наставниците од одделенска настава да го предаваат предметот музичко образование, наставниците се квалификувани со одделенска настава или завршен педагошки факултет, предметот музичко образование во првиот развоен период е предвиден со по 2 часа неделно односно годишно 72 часа.

Во вториот развоен период во IV и V одделение, предметот музичко образование го предава одделенскиот наставник со по 2 часа неделно односно 72 часа годишно, во VI одделение во вториот развоен период во деветгодишно основно образование, предметот музичко образование го предава предметен наставник кој има завршено педагошка академија група музичко воспитание или наставник кој има завршен факултет од музичка уметност отсег педагошки смер со 1 час неделно односно 36 часа годишно.

Во третиот развоен период од VII-IX одделение, предметот музичко образование го предава предметниот наставник со по еден час неделно односно со 36 часа годишно.

[2] Прирачник за V, VI деветгодишно основно образование - БРО

- Учениците не треба да стекнуваат само знаења и искуства од музичката уметност кои ќе можат да најдат примена во образовниот, туку и во секојдневниот живот, овозможувајќи им поквалитетно живеење, исполнување на слободното време, умеење да се пронајдат себеси во музичкото и културното опкружување на блиската средина, градот и пошироко.
- Учениците да стекнуваат знаења за општите цивилизациско-уметнички и музичко-фолклорни вредности во светот и кај нас и да го продлабочат интересот за понатамошно изучување на музичките настани и процес.

Со Законот за основното образование се забранува дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование.

Меѓу целите на основното воспитание и образование се вброени и следните:

1. Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик.
2. Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, за основните човекови слободи и права.

Во Законот се предвидува воспитно-образовната работа за учениците на припадниците на заедниците, кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, да се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница. Доколку станува збор за училиште во кое наставата се изведува и на друг јазик, името на училиштето може да биде напишано и на јазикот и писмото на кое се изведува наставата.

Во законот е предвидено и педагошката документација за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на друг јазик да се води и издава покрај на македонски јазик и на јазикот и писмото на којшто се изведува наставата. За овие ученици, исто така и учебниците се издаваат на јазикот и писмото на којшто се

остварува наставата. Притоа, авторот се обврзува да го преведе учебникот од македонски јазик и да го издаде и на другите јазици на кои се одвива наставата.[3]

Концепцијата е донесена во февруари 2007 година и со неа е создадена основа за воведување промени во наставниот план за задолжителното основно образование и во наставните програми по сите предмети од I-IX одделение.[4]

Според Концепцијата, една од целите на основното образование е „Развивање граѓанска свест кај учениците за припадност на државата и негување на нивниот национален и културен идентитет во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности", што се постигнува, меѓу останатото, со:

•„Развивање на способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик, а во срединитe кои се двојазични или повеќејазични на македонски јазик и на албански, односно турски, српски јазик, како и на другите јазици"; и

•„Запознавање со минатото и културните традиции на македонскиот народ и минатото и културните традиции на заедниците и традициите и државноста на земјата".[5]

## 2. Програмска поставеност на предметот музичко образование во деветгодишно основно образование

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музичко образование е децата да ја засакаат музиката, кај нив да се вроди желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички

---

[3] Закон за основното образование, Службен весник на Република Македонија бр.103/08 (членови: 2, 3, 9, 14, 100, 104, 119)

[4] Концепција на деветгодишно основно воспитание и образование, 2007/15

[5] www.mon.gov.mk

способности. Музичкото образование, како задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение, треба да го подготви ученикот за живот, т.е да го оспособи да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно за учениците од I до V одделение и со по 1 час неделно изучување за учениците од VI до IX одделение, односно 36 часа годишно. Заедно со ликовното образование и со другите содр жини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование треба да влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувс тва, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, за да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на детето, е идеално за компксното делување врз детската лич ност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Му зич кото образование треба да даде значаен придонес во развојот на детето, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнување на музичкото изразување.

Наставната програма по предметот музичко образование во деветгодишно основно образование е направена според новата концепцијата од БРО и одебрена од МОН.
Во трите развојни периоди наставната програма е направена така што целите и задачите на тематските содржини контуинирано се интегрираат од првиот до третиот развоен период.
Во нашето истражување ќе се задржиме во анализата на програмска поставеност по предметот музичко образование во девет годишно основно образование а по детално во вториот развоен период што е нашата цел истражување на имплеметирање односно примена на новите модели-дизајни во наставата по предметот музичко образование во вториот период од деветгодишно основно образование.
Со истражувањето ќе добиеме резултати дека во вориот развоен период се применуваат новите модели со ново методи и форми, нова технологија со примена и ИКТ во

наставата, иновациите кои ни се достапни преку БРО и МОН, преку разни проекти со цел за поуспешна и по квалитетна настава.

1. На сите деца да име се гарантира подршка во најважниот период во нивниот развој;
2. Да се гарантираат подобри можности за континуирано учење за сите на методите на активно учење, редуцирање на споредните содржини деца на училишна возраст од 6 до 14 години во основното училиште;
3. Да се намали оптовареностана учениците по одделни предмети со нагласување наставни содржини, поголема корелација и поврзување на наставните предмети и сл.

Од овие причини има потреба за развивање нов наставен план и нови наставни програми со кои ќе се постигнат следните ефекти:

## 3. Програмска поставеност во вториот развоен период IV-VI одд

Втор период од IV до VI одделение. На деветгодишна возраст кога учениците се во четврто одделение, во новото училиште се налага да продолжи процесот на континуирано усвојување на ново искуство и знаење и развивање на нивните способности за мислење што е по малку зависно од конкретното искуство. Втор период налага да се постават развојни цели што ќе претставуваат и очекувани резултати од IV до VI одделение на основното деветгодишно училиште.

Со наставните цели, содржините и активностите, развојот на мислењето кај детето кој што ќе да ги замисли самостојно операциите, да ги антиципира резултатите, да се служи со системи на класификација, односно ученикот може да врши мисловна активност со сложени логички операции на повисок степен (класифицирање, групирање, распоредување ) и сл.

Мисловните операции кај учениците можат дасе одвиваат и реверзибилно во спротивна насока со т.н. „интернализирање„ на операциите, а тоа покажува дека детето не мора и понатаму да ги решава проблемите само со методот на обиди и грешки, туку да напредува со развивање на способностите за конзервација. Овие сознанија покажуваат дека е нужно уѓте на овој стадиум учениците да се поттикнуваат интуитивно и

конкретно да усвојуваат и разбираат основни идеи во областа на математиката и природата. Тоа налага да се поставаат развојни цели што ќе претставуваат и очекувани резултати во четврто, пето и шесто одделение на основното училиште.

Со наставните цели, содржините и активностите нужно е развојот на мислењето кај детето да се води кон стадиумот на којшто ќе може да ги замисли самостојно операциите, да ги антиципира резултатите, да се служи со системи за класификација. Поконкретно, ученикот може да врши мисловна активност со сложени логички операции на повисок степен (класифицирање, групирање, распоредување) и сл.

Посебна карактеристика за оваа возраст е тоа што мислењето на детето може да биде независно од перцептивните елементи на спознанието, што значи дека детето умее да ги класифицира предметите во групата на која припаѓаат мноштво предмети, да ги групира во сродни категории или класи.[6]

Овие сознанија налагаат да се изготват нови наставни програми и со нив да се води поголема грижа учениците да усвојуваат систем на знаења, да се усогласуваат целите, наставните содржини и методите во наставата за поттикнување на интелектуалниот развој на учениците. Наставниците треба да бидат упатени дека во овој период на развојот детето не е секогаш во состојба да мисли само на апстрактно ниво.

## 3.1 Цели на наставата во вториот период од IV-VI одд

Ученикот/ученичката:

- да ги продлабочува основните музичко-изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко - ритмички активности);
- да ја доживува убавината на музиката;
- да ги развива музичките способности;
- да разликува различни видови на музички творби;
- да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика;
-да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика и омилените видови на музичката дејност;

[6] Концепцијата за деветгодишноосноивно образование, стр,84

- да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови од својата и другите културни заедници;

- да го усвојува нотното писмо;

- да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);

- да ги усвојува музичко-теориските поими;

- да се запознава со народното музичко творештво од својата култура и од другите култури;

- да стекне позитивен став за народно творештво и народното музичко творештво;

- да стекнува вештини за тимска работа;

- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување;

## 3.1.1 Цели на наставата во IV одделение од вториот развоен период

Ученикот/ученичката:

-да применува правилна вокална интерпретација во согласност со своите способности;

- да го развива опсегот на гласот

- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;

- да развива вештини за активно слушање музика;

- да препознава и именува основни видови на темпо;

- да препознава и именува основни видови на динамика;

- да свири на ДМИ (мелодиски и ритмички);

- да ги усвојува елементите на нотното писмо;

- да се оспособува за пеење и свирење по ноти;

- да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;

- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;

Во наставната програма се предвидени: цели, содржини, поими, активности и методи. Дидактичките препораки даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано

планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Наставните содржини по предметот музичко образование во IVодделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Наставната програма насочува и кои наставни средства да се употребуваат:

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.)
- Интернет, образовни софтвери.

Оценувањето на постигањата на учениците во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, анга жираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (описно оценување во текот на годината, а на полугодие и на крајот на годината наставникот изведува бројчана оценка).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

Според наставната програма во IV одделение се застапени овие тематски содржини предвидени со број на часови.

| ТЕМИ | б рој на часови |
|---|---|
| 1. Пеење | 10 |
| 2. Музичка писменост | 25 |
| 3. Слушање музика | 15 |
| 4. Свирење на детски музички инструмент | 8 |
| 5. Основи на музичките форми | 4 |
| 6. Народно музичко творештво | 7 |
| Вкупно: | 69 |

Наставната програма предвидува и просторни услови и нормативен кадар за реализирање на настават по предметот музичко образование.

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

Наставата по музичко образование во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

• педагошки факултет – професор за одделенска настава;

• филозофски факултет – дипломиран педагог

Наставната програма по музичко образование за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4071/1 од 22.05.2008 година. Којае подготвена од страна на експертска група во БРО.

### 3.1.2 Цели на наставата во V одделение од вториот развоен период

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да се оспособува за двогласно пеење;
- да развива способност за активно слушање музика;
- да препознава и именува бавна, умерена и брза музичка изведба;
- да препознава и именува силна и тивка музичка изведба;
- да ја усвои основна скала;
- да ја усовршува вештината на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);
- да го развива чувството за колективно музицирање (свирење и пеење);
- да ги усвојува елементите на нотното писмо;
- да ги развива умеењата за пеење и свирење по ноти;
- да го збогатува знаењето за народното музичко творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување
- да применува ИКТ;

Според наставната програма во V одделение се застапени овие тематски содржини предвидени со број на часови.

Годишен фонд на часови (ориентационо)

| | |
|---|---|
| 1. Пеење | 10 |
| 2. Музичка писменост | 25 |
| 3. Слушање музика | 15 |
| 4. Свирење на детски музички инструменти | 8 |
| 5. Основи на музичките форми | 4 |
| 6. Народно музичко творештво | 7 |
| 7. Музичко изразување и творење | 3 |
| Вкупно | 72 |

Сите препораки што беа предвидени во четврто одделение се исти како и во петто оделение:

Дидактичките, оценување и постигањата на учениците, нормативниот кадар е ист како во четвртоодделение.

### 3.1.3 Цели на наставата во VI одделение од вториот развоен период

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да ја развива способноста за двогласно пеење;
- да развива навики за активно слушање музика;
- да ги усвојува стручните поими за темпото;
- да ја усвојува молската скала теориски и по слух;
- да разликува дур и мол во музичките дела;
- да се воведува во препознавањето на интервалите;
- да ги разликува рамноделните и нерамноделните тактови;
- да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);
- да го демонстрира чувството за колективно музицирање (свирење и пеење);
- да го применува нотното писмо;
- да ги развива умеењата за пеење и свирење на посложен нотен текст;
- да ги усвојува и препознава по слух елементите на музичката граматика;
- да стекнува позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да ги спознава основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;

Според наставната програма во VI одделение се застапени овие тематски содржини предвидени со број на часови.

| | |
|---|---|
| 1 Пеење | 5 |
| 2 Музичка писменост | 8 |
| 3 Слушање музика | 8 |
| 4 Свирење на детски музички инструменти | 5 |
| 5 Народно музичко творештво | 6 |
| 6 Музичко изразување и творење | 4 |
| Вкупно: | 36 |

- ПЕЕЊЕ – 6 часа
- МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – 10 часа
- СЛУШАЊЕ МУЗИКА - 6 часа
- СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ – 4 часа
- НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО – 4 часа
- МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ – 2 часа
- МУЗИЧКА ГРАМАТИКА – 4 часа

Наставниот предмет музичко образование во VI одделение е задолжителен и се изучува со фонд од еден час неделно, односно 36 часа годишно. Наставните содржини по предметот музичко образование во VI одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се ре ализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Предвидениот број на часови ги опфаќа и вонучилишните активности (посета на музички образовни институции, концерти на Македонската фил хармонија, Македонска опера и балет и др.), како и за должи телните дискусии, размени на мислења и впечатоци по оства рените посети на институциите и настаните.

При реализирањето на содржините наставникот треба да го поттикнува, охрабрува секој ученик при музичкото изразување. Да им даде можност секој ученик/ученичка како индивидуално така и колективно да членуваат во ансамбли (хор, оркестар, мали

музички групи, преоекти и др.), да се стимулира ат дискусии и размени на мислења, искажувања на сопствени ставови и почитување на ставовите на другите.

Со VI одделение, завршува вториот период според наставната програма за основно деветгодишно образование и воспитание.

Наставната програма од **IV-VI** одделение ( вториот развоен период), предвидува дидактичките препораки за реализирање тематските содржини, оценување на постигањата на учениците, просторни услови за реализација на наставната програма, норматив за наставен кадар.

Воспитно-образовната работа во VI одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

• факултет за музичка уметност - оддел за музичка теорија и педагогија;

• факултет за музичка уметност - други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ.

Приоритет имаат лицата со завршен оддел за музичка теорија и педагогија (важи за предметната настава во целост).

Наставната програма по музичко образование за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-3989/1 од 05.11.2010 година.

## 4.Формалното развивање на дидактичката компетентност на наставниците

*„Нека главната цел на ова, нашата Дидактика, ќе биде следнава: да се бара и пронајде начин со кој наставниците помалку ќе предаваат, а учениците повеќе ќе учаат"- Jan Amos Comenius*

Барањата за подобрување на квалитетот на наставата и на образованието во основното училиште секогаш се поврзани не само со зголемувањето на нивото на иницијалното образование на наставниците, туку и со развивањето на програми за стажирање (подготовка за работа) и стручно усовршување.

Со покренување на овие механизми во периодот по 1996 година се очекуваше да се изгради целосен систем што ќе овозможи наставниците подобро да бидат оспособени за вештините кои ќе им овозможат да се подобрува квалитетот на наставата и учењето, а со тоа и начинот на следење и вреднување на постигањата на учениците.

Со нормативните прописи, учителите, наставниците, воспитувачите и соработниците кои прв пат се вработуваат во основните училишта имаат обврска по една година да полагаат стручен испит, според програма што ја донесува министерот за образование и наука на предлог од Бирото за развој на образованието. По стекнувањето на статусот наставник, во својот работен век наставниците, воспитувачите, стручните соработници и директорите на училиштата имаат обврска да ги посетуваат семинарите и другите форми за стручно и педагошко усовршување.

Стручното и педагошкото усовршување на наставниците е во надлежност на високообразовните институции на кои се организирани студии за наставници. Сепак, во практиката најголемите обврски за стручното и педагошкото усовршување на наставниците припаѓаат на Бирото за развој на образованието. Со примената на Законот за Бирото за развој на образованието се очекува многу

поорганизирано и постручно да се изготвуваат и реализираат современи програми за обука на наставниците за успешно воведување на измените во основното образование.

Во услови на интензивирање на внатрешните промени на содржината и организацијата на основните училишта со цел за подобрување на квалитетот на наставата и образованието се налага потреба состојбите со иницијалното образование на наставниците и нивната дополнителна обука да бидат континуирано следени и вреднувани.

Според досегашното искуство во стручното и педагошкото усовршување на кадрите во основното училиште евидентни се следните ограничувања и потреби:

1. Високообразовните институции кои организираат студии за наставници се уште не се определени потемелно да ги следат промените во наставата во основните училишта што се преземаат со цел за подобрувањето на квалитетот на образованието. Тоа ќе биде уште понагласено со донесувањето на концепцијата и со воведување на новиот наставен план и новите наставни програми за деветгодишното задолжително основно образование.

2. Базичното образование на наставниците што се остварува во рамките на голем број високообразовни институции во нашата држава неопходно е да гарантира стандарди не само за студиите од базичните предмети, туку и за психолошката, педагошката и методската оспособеност на наставниците за успешна примена на новиот наставен план за основното училиште.[7]

3. Високообразовните установи во соработка со Бирото за развој на образованието, нужно е да донесат современи програми за перманентно стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар во основните училишта и да пристапат кон нивна примена. Овие промени се ектолози и др.), да партиципираат

---

[7] Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје (2001-2004 година), стр 47

во програмите за перманентното стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите соработници на основното училиште. Притоа, нужно е да се воспостават механизми за вреднување и на програмите за стручното усовршување. Ова е еден од најкрупните проблеми во образованието на наставниците и учителите во Република Македонија.

Бирото за развој на образованието треба да изготви план и програма за стручното усовршување на воспитувачите, учителите и наставниците за успешно имплементирање на новите наставни програми во основното училиште. Пред се, бидејќи наставниот кадар иницијалното образование го стекнува на повеќе образовни институции, а секој наставнички факултет создава свои студиски програми што не се секогаш доволно сообразени со наставниот план и наставните програми на основното училиште и тоа не само во поглед на базичните предмети за кои се подготвуваат наставниците, туку и според застапеноста на предметите во студиите за науката за образованието и методиката за наставатанаучните сознанија потврдуваат дека психолошката, педагошката и методската оспособеност на наставниците, како и нивната мотивација за работа во училиштето се многу значаен фактор за одржување и подобрување на квалитетот на наставата и учењето. во овој сегмент на подготовката на наставниците неопходни се натамошни промени со цел да се овозможи осовременување на стручните знаења, вештини и способности на наставниците.

Со оглед на крупните измени во содржината и организацијата во задолжителното основно воспитание и образование се налага потреба да се развијат современи програми за обука на наставниците. За усовршување на наставниците постои законска регулатива според која компетентни институции во оваа област се: Бирото за развој на образованието, високообразовните установи на кои се подготвуваат наставниците, основните училишта и самите наставници, воспитувачи и стручни соработници.[8]

---

[8] Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје (2001-2004 година).58

Меѓутоа, институциите за перманентно усовршување на наставниот кадар имаат различна иницијативност во реализацијата на обуките на наставниците. Поради тоа неопходно е постојните високообразовни институции, на кои се школуваат учители, наставници, воспитувачи, стручни работници за основните училишта (педагози, психолози, дефектолози).

Во насока на обезбедување помош во основните училишта на Република Македонија во 2006-та година, Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) започна нов петгодишен проект, наречен Проект за Основно Образование (ПЕП). Целите на проектот се: подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на работните вештини кај младите, интеграција на ИКТ во наставата, унапредување на наставата со цел да се поттикне и подобри квалитетот на учењето.

Март 2008 година, УСАИД Проектот за основно образование, ја организираше првата работилница за ИКТ во музиката за наставниците по музичко образование во основните училишта во Македонија. Работилницата беше одржана во QSI Интернационалното училиште од Скопје. Присуствуваа вкупно 17 наставници по музичко образование од цела Македонија, вклучувајќи наставници од ПЕП ИКТ пилот училиштата.

Работилницата беше организирана во соработка со советниците за музичко образование од Бирото за развој на образованието. На наставниците им беше прикажано како да користат и пристапат до слободен музички софтвер , истражувајќи и учејќи како компјутерот може да подготви и да компонира музика достапна до сите ученици.

Процесот на имплементацијата на деветтолетката се состои од континуирани активности од страна на Бирото за развој на образованието и на Министерството за образование и наука со сесрдна поддршка од канцелариите на УНИЦЕФ и на УСАИД. Досега беа одржани обуки за сите наставници кои реализираат настава

по новите програми, стручните служби и директорите на училиштата; за секое училиште беа отпечатени и дистрибуирани нагледни средства (постери во функција на наставните програми), како и прирачници за реализација на наставата и информативни брошури за родителите.[9]

Компонентата на ПЕП за ИКТ во образованието ја поддржува компјутеризацијата на основните училишта во Македонија преку обуки на наставниците, развивање на решенија за одржување на компјутерската опрема, обезбедување на дигитални содржини и воведување иновативни начини на употреба на ИКТ, како што се компјутерска контрола, роботика, електронска музика и снимање на видео и аудио записи. Оваа компонента се стреми кон:

- зголемување на употребата на ИКТ во сите наставни предмети во основните училишта и
- воведување на ефективни и образовно полезни начини на употребата на ИКТ[10]

Следува студиска програма за комптенциите на наставниците кои предаваат во вториот циклус од деветтолетка во девтгодишно основно образование ( IV-VI одд), за одделенските наставници со завршено и Дипломиран одделенски наставник во педагошките факултети во Скопје, Стип, Битола и Тетово, и предметните наставници со завршено Дипломиран музичар теоретичар-педагог во ФМУ-Скопје и ФМУ-Тетово.

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ- СКОПЈЕ

ОТСЕК МУЗИЧКА ТЕОРИЈА И ПЕДАГОГИЈА

Дипломираните студенти стекнуваат знаења и вештини за изведување настава по предметите музичко образование и музичка култура и за работа со хорови и оркестри во основните и средните училишта и во гимназии, за изведување настава по предметите теорија на музиката, солфеж, хармонија, полифонија и диригирање во основните и средните музички училишта, и за работа со аматерски детски, женски и мешани

[9] Хорватиќ В, Реформи за применливи знаења и вештини, Просветен работник
[10] http://www.pep.org.mk/mk/ikt/ikt_index.html

младински и сениорски хорови и оркестри. Стручниот назив на дипломираните студенти е:

ДИПЛОМИРАН МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР, ПЕДАГОГ

Студентот е должен во текот на студиите да ги совлада сите 54 задолжителни наставни Предмети предвидени со студиската програма и да избере и успешно да совлада најмалку 18 изборни наставни предмети од понудената листа. Со иста студиска програма студентите се стекнуваат со звање Дипломиран музичар теоретичар, музички педагог при Државниот Универзитет во Тетово, факултет на уметности, музичка уметност.

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ШТИП

Педагошкиот факултет во Штип подготвува воспитувачи и наставници кои работат со деца од предучилишна и рана училишна возраст. Преку реализација на додипломските студиски програми и континуираното педагошко усовршување на теоретско и на практично ниво, како и преку научноистражувачката дејност ги поттикнуваме и поддржуваме нашите студенти во остварувањето на нивните креативни, критички и хумани потенцијали. Нашата наставно-научна работа со својот академски и професионален дискурс, има исклучително влијание врз унапредувањето на педагошката практика и развитокот на наставничката професија на локално, регионално и државно ниво.

На Одделот за одделенска настава се реализираат програми за: додипломски студии, студии од втор циклус, стекнување на наставнички компетенции. Студиските програми се структурирани врз принципите на интередисциплинарност и мултидисциплинарност и кореспондираат со државните и европските стандарди за образование на наставници.

Програмата за додипломските студии (I циклус) нуди можност за стекнување на интегриран систем на знаења, способности и вештини од областите на: темелните педагошки дисциплини (педагогија, психологија, социологија, философија), природно-математичките дисциплини (основи на природните науки, детето и природата,

еколошко воспитание, географија), стручно уметничките дисциплини (естетика, **музички инструмент**, кукларство и сценографија, детското ликовно, литературно и **музичко творештво**), македонскиот јазик и книжевност (лингвостилистика, култура на јазичното изразување) и раното учење на странски јазик (англоамериканска култура и цивилизација, англиската граматика, фонологија, детската странска литература).

Студиската програма се реализира во 8 семестри во рамки на 240 кредитни поени (КП). Еден КП подразбира 30 часа работа на студентот. Од вкупно 7.200 часа, 3.205 (44,5 %) се часови за настава, додека 3.995 (55,5 %) се часови предвидени за самостојно учење. Практичната настава е застапена со 19,5 % во однос на вкупната настава, а изборноста на студиските предмети е околку 15%. Со завршување на студиите, студентот се здобива со звање дипломиран професор за одделенска настава.

Програмата за вториот циклус на студии се реализира во траење од два семестра (60 КП). Таа нуди можност за проширување и продлабочување на знаењата и развивање на истражувачки способности и вештини од подрачјата на: дидактиката, училишната педагогија, образовниот менаџмент и образовната политика. Со завршување на студиите, студентот се здобива со звање магистер по образование од подрачје на дидактика или училишна педагогија или образовен менаџмент и образовна политика.

Програмата за стекнување на наставнички компетенции е наменета за студенти кои додипломските студии ги завршиле на ненаставнички факултети, а се определиле да работат како наставници. На Одделот за одделенска настава освен наставна дејност се остваруваат и научноистражувачка дејност и апликативна дејност. Истите се насочени кон истражување и унапредување на воспитно-образовната практика и развивање на науките за образование.

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„ СКОПЈЕ

Предметот музичко образование за студиската програма одделенски наставник се учи од петиот семестар, со содржина Основи на музичко образование.

ОСНОВИ НА МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ 2+2+1 60 4 V семестар завршна оценка

Времетраење: V семестар; 60 часа (2+2+1 часа неделно)

Предуслови: Музички кабинет опремен со: дидактички средства; визуелни средства; аудитивни средства; аудиовизуелни средства; мануелни средства; помошно технички средства.

Начин на реализација: Предавања, вежби, практична работа, самостојна работа.

Цели: Усвојување на знаења за основните елементи на музичкото образование; стекнување на умеења за нивна практична примена во музицирање и анализа на музички текст; развивање на музичкиот слух.

Тематски содржини: Основни елементи на музичкото образование; Основна скала; Метрика; Ритмика; Мелодија; Интервали; Артикулација; Динамика; Темпо; Помошни знаци и кратенки; Повишени и снижени тонови; Дијатонски и хроматски, половина и цели степени; Скали со повишувалки и снижувалки; Квинтно-квартен круг; Созвучие. Очекувани резултати: Да се совладат содржините од основите на музичкото образование; Да се стекнат умеења за нивна практична примена во музицирање; решавање на задачи и анализа на музички текст.

Во шестиот семестар во студиската програма за одделенски наставник се учи предметот со содржина Методика по музичко образование.

МЕТОДИКА НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2+2+1 60 4 VI семестар

Предуслови:

Музички кабинет, пијано, табла, нотна табла, детски (орфови) инструменти, комплетна аудиовизуелна опрема, компјутерска техника, потрошни материјали и средства за работа.

Начин на реализација: Предавања, вежби, практична работа, самостојна работа.

Цели: Усвојување на знаења за целите, задачите и содржините на методиката по музичко образование; оспособување за планирање, реализација и евалуација на наставата по музичко образование.

Тематски содржини:

Вовед во методиката (муз. образование во одделенската наставапоим, значење, подрачја, содржини, дидактички принципи); Фактори; Личноста на наставникот; Планирање на наставата; Методи на наставата; Формина наставата; Наставни средства и помагала; Евалуација на наставната работа; Теми (пеење, музика и движење, слушање музика, свирење на ДМИ, основи на музичката писменост, основи на детското изразување и творење).

Очекувани резултати:

- Да се совладат содржините од методиката на музичкото образование;
- Да се стекнат умеења за нивна практична примена во планирање, подготовка и реализација на наставата.

Во шестиот семестар во студиската програма за оделенски наставник се предвидени и два изборни предмети. Студентот избира два од наведените предмети:

ХОР И ОРКЕСТАР

КРЕАТИВНА МУЗИЧКА РАБОТИЛНИЦА

ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ Предмет: ХОР И ОРКЕСТАР

Индивидуални: познавање на основите на музичката писменост;

Општи: музички кабинет, пијано, синтесајзери со слушалки, миксета, орфови (детски) инструменти, аудио визуелна опрема (ТВ, ЦД И ДВД) и снимки со познати изведувачи.

Начин на реализација:

Предавање, вежби, дискусии, самостојна работа, презентации, истражувачки активности, групна работа, индивидуална работа и др.

Цели:

Стекнување на чувство за заедничко музицирање. Запознавање со основните поими за хорското и оркестарското музицирање. Практично обучување за раководење со хор и оркестар (составен од орфови инструменти).

Тематски содржини:

Хор:

- Карактеристики на хорското пеење;
- Видови хорови; Респираторни органи;
- Вокална техника;
- Диригирање;
- Личноста на диригентот; Хорска литература и др. Практична работа пеење и диригирање на детски песни.

Оркестар:

- Видови оркестри и нивните карактеристики;
- Аранжмани за орфови инструменти како придружба за детските песни.

  Очекувани резултати:
- Студентите да ги совладат теориските знаења за хорското и оркестарското музицирање и практично да се оспособат за раководење со детски хор и оркестар со орфови инструменти.

Предмет: КРЕАТИВНА МУЗИЧКА РАБОТИЛНИЦА

VI семестар; 45 часа (2+1 часа седмично)

Предуслови: Музички кабинет, пијано, табла, нотна табла, детски(орфови) инструменти, комплетна аудиовизуелна опрема, компјутерска техника, потрошни материјали и средства за работа.

Начин на реализација: Предавања, вежби, практична работа, самостојна работа.

Цели: Усвојување на знаења за развитокот на креативните потенцијали преку музичкото изразување и творештво; нивна практична примена во развитокот на детската креативност.

Тематски содржини: Креативност-поим, компоненти, развиток.

- Методи за развиток на креативноста на учениците:
- Примена на визуелниот метод; примена на предмети за музичка илустрација;
- Примена на детски музички инструменти во музичкото изразување;
- Изработка на дел од ДМИ;
- Ликовни илустрации на зададена музичка творба;
- Решавање на зададени музички задачи, претставени музички и визуелно; анализа на музички проблемски ситуации во компјутерски детски игри;
- Примена на музички активносто во изучувањена математика, јазик, предмети и појави во природата иоколината.

Очекувани резултати:

- Да се совладат содржините од предметот музичка работилница;
- Да се стекнат умеења за нивна практична примена во обучување на учениците;
- Поставување и решавање на креативни музички задачи.

ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА VII СЕМЕСТАР

Предмет: ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ 1

VII семестар; 45 часа (1+2 часа неделно)

Предуслови:

*Индивидуални*:

- Познавање на основите на музичката писменост;
- *Опити*: музички кабинет, пијано, синтесајзери со слушалки, миксета, орфови (детски) инструменти, аудиовизуелна опрема (ТВ, ЦД и ДВД) и снимки со познати изведувачи.

Начин на реализација: Предавање, вежби во групи и индивидуално преслушување, менторска работа, семинарска работа.

Цели: Студентите да се запознаат со музичката писменост, историјата на музиката, музичките инструменти, практично изучување на пијаното и орфовите инструменти.

Тематски содржини:

Класификација на музичките инструменти:

1. жичени (гудачки, жичено-харфови и жичени со клавиши);

2. дувачки (лабијални, со една пластинка, со две пластинки) и

аерофони;

3. ударни (мембранофони и идиофони).

*Историја на музиката:*

1. краток преглед на историјата на музиката од првобитното општество до современата музика.

   Очекувани резултати: Студентите да ги совладат теориските знаења за музичките инструменти а практично да се оспособат за свирење на пијаното и на орфовите инструменти.

ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА VIII СЕМЕСТАР

Предмет: ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ – 2 VIII семестар; 60 часа (2+2 часа неделно)

- *Индивидуални*: познавање на основите на музичката писменост;
- *Општи*: музички кабинет, пијано, синтесајзери со слушалки, миксета, орфови (детски) инструменти, аудиовизуелна опрема (ТВ, ЦД И ДВД) и снимки со познати изведувачи.

Начин на реализација: Вежби во групи и индивидуално преслушување, менторска

Работа.

Цели: Усовршување на практичното свирење на пијаното и на орфовите инструменти.

Тематски содржини:

Свирење на посложени музички дела за пијано од повеќе автори од доменот на класичната музика и хармонизиранидетски песни.Примена на орфовите инструменти (ритмички и мелодиски) во различни аранжмани на композиции од

класичната музика и детските песни.

Очекувани резултати:

Оспособување за практична изведба на пијаното и на орфовите инструменти што ќе овозможи интерпретација на предвидените песни при практичната работа со учениците.

Институции за соработка: Педагошки факултет во Штип и Битола, Филозофски факултет-Институт за педагогија Скопје, Факултет за музичка уметност.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ БИТОЛА

СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА НАСТАВНИК ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

I И II ЦИКЛУС - ОД ДЕВЕТТОЛЕТКА

Во студиската програма се застапени следниве дисциплини:

Педагошко-дидактички науки

Психолошки науки

Ликовна уметност

**Музичка уметност**

Физичка култура

Дефектолошки науки

Библиотекарски науки

Предметно-специфични компетенции на дипломираните студенти на програма за наставник во основно училиште (прв и втор циклус-деветтолетка);

- Познавање на содржината на методиките на предметните подрачја;
- Разбирање и користење на актуелните теории на кои се темели воспитно-образовната работа;
- Разбирање и користење на дидактичките теории на наставата;
- Разбирање на психолошките основи на воспитно-образовната работа;
- Користење на современи методи за педагошко водење на одделението;
- Познавање и користење на различни модели за соработка со родителите;
- Познавање и користење на методите за самостојно учење;
- Менаџирање со процесите во училиштето;
- Менаџирање со процесот на учење во училницата
- Користење на различни методи и постапки на оценување на постигнувањата на учениците;
- Истражување на и во воспитно образовниот процес;
- Оспособеност за воведување на учениците во изучување на странски јазик;
- Примена на ИКТ при реализација на наставата;

Студиска програма за наставници за одделенска настава всушност претставува измени и дополнувања на досегашната студиска програма и нејзино усогласување со барањата на Болонскиот процес.

По завршувањето на студиите од првиот циклус студентите се стекнуваат со звање Наставник за одделенска настава.

Студентите во третиот семестар за студиска програма од музичко обаразование го имаат предметот Музичкии нструменти, во четвртиот семестар Основи на музичко образование, а во седмиот семестар методика на музичко образование. Во седмиот семестар во студиската програма го имаат изборен предмет Оркестар и хор.

За студенти со тригодишно академско образование, магистерските студии траат две години. Првата година од студиите ( седми и осми семестар) се во функција на стручно усовршување на кандидатите во делот на образованието за наставници.

Филозофски факултет-Институт за педагогија Скопје и Филозофски факултет-педагогија во ДУТ-Тетово, во студиската програма студентите имаат задолжитетлен предмет по музичко образование и изборен предмет по предметот музичко образование.

## 5. Неформални облици или форми за развивање на дидактичките компетенци кај наставниците

Современиот модел на наставата, настана со цел де се отргнаат недостатоците на традиционалниот одделенско-предметен систем на часовите, претставуваат обид за иновирање на наставниот процес. Еден од таков модел е хеуристички модел на наставата кои може да се одереди како систем на наставата вописавец на конструирање на знаења и развивање на творечки способности на ученици учење по пат на истржување и откривање. Во работата се наблудуваат улогата и можностите на поедини дидактички елемнти од хеуристичкиот модел на наставата во иновирање на наставниот процес. Во почетокот на работата е поставена суштината на поимот на хеуристичкиот дидактички клуч за разбирање иновацијата на овој модел од наставата. Посебно внимание е посветена на основните иновативните елементи наставните методи и класификации и структурата на наставниот час, кои можат да послужаат како солидна основа за квалитетна организација и реализација на наставата.

Во периодот по 2000-2006 година нашата држава се вклучува во неколку проекти за меѓународна евалвација во образованието (ПИСА, ОЕЦД, ТИМС, ПИРЛС, ПЕП, УСАИД).

Училиште по мерка на детето (УМД). Во рамки на реформите на национално ниво, како пристап базиран на правата на детето што се однесува на сите аспекти на образованието и нивниот придонес кон севкупниот детски развој.

Националната УМД програма опфаќа стандарди за шест димензии:

1) инклузија;
2) ефективност;
3) здравје, безбедност и сигурност;

4) родова сензитивност;

5) партиципација и

6) мултикултурализам и права на децата.[11]

Пристапот на УМД за реформа на образованието се заснова на заложбата за обезбедување на високо квалитетно образование за сите деца. Квалитетот се дефинира во однос на пет димензии на образованието: (1) инклузивност, (2) ефективност, (3) здравје, безбедност и продуктивна училишна средина, (4) родоваеднаквост и (5) учество и активна партиципација на сите чинители во животот и работата научилиштето и средината. Со оглед на нејзиниот социо-историски контекст Македонија воведе и шеста димензија: (6) почитување на правата на децата и мултикултурализам (АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА УЧИЛИШТЕ ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО, стр. 3).

Овие стандарди беа развиени во 2006 и послужија како основа за реформа на основното образование.

Училиштата во Република Македонија поминуваат низ историски процес на промена на нивната ИКТ подготвеност кој е одраз на поширокото социјално интегрирање на ИКТ технологиите водејќи кон создавање на современо дигитално општество и економија. Училишното образование ги поставува основите за креирање на општество базирано на знаење и граѓани кои се подготвени за активно вклучување во дигиталното општество и способни да придонесат за развој на домашната економија. Согледувајќи ги долгорочните придобивки од квалитетен и модерен образовен систем.

Како одговор на предизвиците што ги наметнува потребата за осовременување на образовниот процес, Министерството за образование и наука започна со имплементација на проектот за модернизација на образованието. Активностите опфатени во Проектот произлегуваат од развојната политика на Министерството која е насочена кон подобрување на работата на училиштата и кон унапредување на организацијата на самото Министерство.

Проектот ќе трае пет години и ќе ги вклучи сите основни и средни училишта во Македонија во програмата за доделување грантови за развој на училиштата. Во едно

[11] Во 2006 година Министерството за образование и наука (МОН) и канцеларијата наУНИЦЕФ во Македонија се договорија да го воведат пристапот на Училиште по мерка на детето (УМД

проектот ќе овозможи зајакнување на институционалните капацитети на Министерството, вклучувајќи подобрување на стратешкото планирање, менаџментот и процедурите за мониторинг и евалуација во образовниот сектор, што ќе му овозможи подобро да функционира во децентрализираниот систем.

Владата на Република Македонија како свој стратешки приоритет го определува инвестирањето во образованието како најсигурен пат за создавање на силни индивидуи и силна држава. Во оваа насока се преземаат низа меѓусебно поврзани и зависни иницијативи кои заеднички водат кон осовременување на образовниот процес и подобрување на квалитетот на образованието меѓу другото и преку интегрирање на дигиталните технологии во наставата.

Поаѓајќи од основните цели на проектот Компјутер за секое дете со кој се направени пионерските чекори во процесот на воведување на ИКТ во образованието преку обезбедување на целосна техничка подготвеност на училиштата, се утврдува потребата од превземање понатамошни мерки со цел поефективно користење на компјутерите во наставата и учењето.

Поважните очекувања од воведување на електронските содржини се:

• да го стимулираат интересот на ученикот на начин кој не може да се постигне со традиционалните содржини,

• да ја зголемат мотивацијата на ученикот за учење,

• да овозможат додадена вредност во начините на стекнување на знаења и вештини, со користење и на електронски и на печатените наставни материјали,

• да го олеснат совладувањето на определени наставни содржини кои се тешки за совладување од страна на учениците,

• да се зголеми компјутерската писменост и кај учениците и кај наставниците.[12]

Примената на дигиталната технологија во наставниот процес, треба да се овозможи интегрирање на ИКТ во наставата и учењето на сите предмети согласно наставниот план и наставните програми во основните и средните училишта. Предложената стратегија врз база на анализа на актуелната состојба нуди план за развој, користење и надградба на е-содржини во образованието во РМ за периодот 2010-2015[13].



[12] Национална стратегија Национална стратегија  Стратегија за развој на е-содржини 2010 – 2015, стр.5
[13] Национална стратегија, Стратегија за развој на е-содржини 2010 – 2015, стр.14

23-24 мај, 2011 (pep.orgmk/mk/ocenuvanje), организираше меѓународна конференција за високообразовен, стручен кадар подготвен за промени, соработка и дружење, стручно усовршување на наставниците за успешна реализација на новите програмски содржини.

- Постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти;
- Осовременување на условите за работа;
- Организирана евалвација на воспитно-образовниот процес;

Училиштето ќе се грижи да им овозможи стручно усовршување на оние наставници и стручни работници на кои ваквото усовршување им е потребно. Еден дел од грижата за стручно усовршување превземаат соодветните високошколски институции и Бирото за развој на образованието. Наставниот кадар е должен да ги посетува семинарите и советувањата. Училиштето ќе обезбедува набавка на стручна литература и периодика а како непобитен фактот во стручното усовршување спаѓа и интернетот.

Училиштето располага со одреден фонд на наставни средства и помагала како и библиотечен фонд за учениците и наставниците и постојано прави напори за осовременување научилиштето со нови наставни средства и помагала. Но мора да се истакне дека треба да се има во предвид брзиот напредок на современото образование и воопшто науката, техниката, литературата кои имаат бурен развој кој ние се обидуваме да го следиме во рамките на финансиските способности. Училиштето прави напори тоа да го стори и преку донации, проекти и слични активности.[14]

Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ е Фондацијата Институт Отворено Општество- Македонија. Фондацијата „Чекор по чекор“ е регистрирана, со цел да се продолжи воспитно-образовната програма „Чекор по чекор“, која започна да се реализира во 1994 година како регионална програма на Институтот Отворено Општество од Њујорк и Универзитетот „George Town“од Вашингтон. Од почетокот на 1994 до крајот на 1999 година, програмата функционираше во рамките на Институтот Отворено Општество- Македонија. До крајот на 1999 година за програмата

---

[14] "ОЦЕНУВАЊЕ ЗА УЧЕЊЕ ВО 21-ви ВЕК"

„Чекор по чекор“ од буџетот на Институтот Отворено Општество Македонија и Институтот Отворено Општество.

Фондацијата „Чекор по чекор“ има поставено за задача да:

•Промовира образовни иницијативи, кои се базираат на приоди насочени кон децата;

•Го поттикнува демократскиот процес во образованието на децата, младите и возрасните;

•Го поттикнува емотивниот, социјалниот, когнитивниот и физичкиот развој, ја поттикнува креативноста кај децата и младите без разлика на нивната социјална или етничка припадност;

•Се залага за секаков вид помош на децата со пречки во развој, децата во неволја и децата во сиромаштија;

•Ја поттикнува комуникацијата и соработката на семејствата со градинките и училиштата;

•Ја продолжува идејата за континуирана обука на воспитно-образовниот кадар во градинките, училиштата и високообразовните институции кои подготвуваат наставници и воспитувачи;

•Ја поттикнува локалната средина да даде свој придонес за посеопфатен развој на децата;

•Поттикнува издавање стручна и помошна литература за целокупниот развој на децата како и издавање детска литература;

•Им обезбедува можности, децата креативно да се изразуваат низ разни видови уметност;

•Ги промовира образовните, културните и уметничките вредности на нашата земја;

•Ја подига јавната свест за разни прашања, во врска со децата и можностите за нивниот целокупен развој;

•Развива партнерство со други невладини организации кои се занимаваат со слична проблематика, како и со други образовни институции, кои им обезбедуваат на децата и младите услови за квалитетно образование;

•Поттикнува создавање мрежа невладини организации кои ги заштитуваат интересите на педагошките работници, родителите и децата;

Ги зајакнува интернационалните контакти со организации од странство, преку членување во Интернационалната Асоцијација „Чекор по чекор", која нуди можност за реализирање проекти на интернационално ниво.

## 6. Дизајнирање на современите дидактички модели по предметот музичко образование во вториот циклус од деветгодишното основно образование

- Методски модели на наставата по музичко образование
- Истртажување во музичкото образование

Цели:

Оспособување за поврзување на музичкото и педагошкото знаење, остварување на сопствени проекти. Оспособување за поврзување на содржините помеѓу музичките подрачја и музичките содржини со содржини оддруги предметни подрачја и за согледување на прашања заидентитетот во мултикултурноста изразено преку музичката уметност.

Тематски содржини:

- Современ контекст на музичкото образование
- Стандарди за критичка анализа на наставата по музичко образование
- Стратегии за имплементација на современите ставови за музичкото образование во пракса
- Интегрирање на креативни методи во наставата по музичко образование
- Методите за поврзување на музичката уметност со едукативниот процес.
- Техники за поврзување на музичката уметност со едукативниот процес.[15]

[15] Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје

Во изведувањето на наставата по предметот музичко образование се применуваат разни модели-дизајни вопрактичниот час. Во IV и V одделенио каде предаваат оделенски наставници се применуваат повеќе модели од фронтална форма и индивидуална, можаат да се применуваат и другите форми групно и тандемско во зависност од тематските содржини и единици (свирење на ДИМ, пеење, народно музичко творештво).

Во VI одделение каде наставата ја реализира предметен наставник, кој што е повеќе квалификуван и како усовршен по предметот музичко образование, наставата ја реализира со сите модели на разни форми во зависност од наставните тематски содржини користејќи ИКТ и наставни средства наменети по овој предмет за поуспешно и квалитетна настава.

Ќе прикажеме примери на модели-дизајни од практичниот час коко се рализира една наставна содржина (од 1996 г. Моделите на наставниот операриве н час од поранешната традиционална настава, се експериментираа многу модели до ден денес за поуспешна и квалитетна настава. Со допринос на разни странски и владини проекти, одлука на МОН односно Министерот за образование реализирани преку БРО и спонтано спроведување на Концепцијата за девегодишно основно образование со сите подготовки и обуки.

Во моделот на оперативниот час кој е актуелен во современата настава, освен темата со наставната содржина (одделение, паралелка, тип на часот, училиште) во прв ред се целите на часот од наставната содржна, активностите на наставникот како креатор на оперативниот час, активностите на учениците за да ги поучат целите на наставата кои ги креирал наставникот и со негова помош до реализиција на оперативниот час што по успешно, вреднување и оценување по меѓу ученици и група ученици, самооценување, вреднување и оценување од страна на наставникот, очекувани резултати од реализираниот час.

Во IV и V одделеение каде предаваат одделенски наставници, оператвниот час по предметот музичко образование се планира заедно со другите содржини од другите предмети, но посебно се истакнува во целите и задачите, активноста на наставникот, активноста на уцениците и завршната фаза или дел евалуациски дел.

Следува еден пример од оперативниот час од одделнски наставник во IV оддление на тема слушање музика, наставна содржина слушање детски и народни песни.

### 6.1 Модели и дизајни за оперативен час од IV-VI одделение по предметот музичко образование во деветголетка.

ДНЕВНА ПОДГОТОВКА ЗА ОПЕРАТИВЕН ЧАС

| **Р.б** | **Наставни предмети** | **Наставна содржина** | **Интегр.наставна содржина** | **Очекувани резулатати** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | Муз.образование | Слушање музика | | Проширување од репертоарот на песните |
| 5 | | | | |
| **Методи на работа** | | **Место и наставни средства** | **Форми на рабо.** | **Додатни активности и забелешки** |
| Текстуални, наст.лист, монолошка, дијалог, истражување, комбинирана. | | Училница, спортска сала, природа, училишниот двор, учебник, наставни листови со фигури, цртежи, професионална | Фронтална, индивидуална, групна, двојки, тандем | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | соработка и др. | | |
| **Цели и задачи** | **Активноста на наставникот** | **Активноста на учениците** | **Завршниот дел-евалвитниот дел** |
| Да развива спопсобност за слушање музика; Да рзликува и познава детски, народни песни и класична музика; Да ги искаже своите впечатоци од слушаната музика; Да препознава по слух некои од инструментите при слушање музика; | Подготвувам детска, народна песна и музиката што ќе ја слушаме; Разговор со учениците за песната или музиката што ќе ја слушаме; Објаснување за песната или музиката што ќе ја слушаме; Разговор со учениците за слушаната песна или музика за да препознаваат и разликуваат музички инструменти; | Да слушаат детски, народни песни или друг фрагмент од класична музика; Меѓусебна сооработка групите ученици во врска со слушаната песна или музика; Систематизираат на свој начин и презентираат слушаната песна или фрагмент ос класична музика; | Следење на презентациите од страна на учениците и вреднување на постигнатото; Самооценување на ученициите; Соопштување на најдовбрите презентации од групите; |

Следува еден пример од оперативниот час од одделнски наставник во V оддление на тема слушање музика, наставна содржина слушање детски и народни песни.

**Пример за дневно планирање**

**Наставна тема:** Пеење

**Наставна содржина:** Пеење по слух „Татковино“

**Цели:**
ученикот/ученичката - да го развива опсегот на гласот;
- да развива чувство за ритам, да идентификува определен ритам, да утврдува основни ритмички соодноси (1:1, 1:2, 2:1);
- да пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика.

**Наставни форми и методи:** фронтална, групна и индивидуална;
• дијалошка и демонстративна.

**Потребни ресурси /наставни средства и материјали:** слики, наставни ливчиња, аудио – визуелни средства, лаптоп и др.

**Организација и активности на часот**

| | | Учениците: |
|---|---|---|
| I –фаза | • излага слики со предели од нашата татковина;<br>• насочува разговор за празникот 11 Октомври; | • препознаваат;<br>• дискутираат ако станува збор за некоја знаменитост или природни убавини;<br>• објаснуваат за претстојниот празник; |
| II фаза | - *текстуална обработка:*<br>- разговор за содржината на песничката;<br>- *распејување:* давање интонација за секоја наредна мелодиско – ритмичка фигура за половина степен нагоре;<br>- *демонстрација:* пеење на целата песна;<br>- *мелодиска обработка:* пеење на фраза;<br>наредна фраза и спојување со претходната фраза;<br>- *пеење по строфи:* пеење на | - читање на текстот на песничката (изразно);<br>- откривање на пораката на песната;<br>- *распејување:* на неутрален слог;<br><br>- меморирање и повторување на фразата;<br>- меморирање и повторување на новата фраза и споените фрази;<br>- меморирање и повторување на строфата;<br>- *пеење на песната:* фронтално;<br>- пеење на песната по групи; |
| III фаза | - секој ученик добива наставно ливче; соопштување на резултатите (по групи). | - преслушување на снимките;<br>- вреднување на групите во наставните ливчиња. |

<u>Методи за оценување на учениците</u>
• следење на пеењето на групите (правилен пејачки став и активноста во групата на учениците);
• секој од учениците добива повратна информација на наставното ливче.

**Забелешки;**
• *Постигања*

• *Тешкотии*

Наставно ливче
Име и презиме_________________________________

| **Вреднување на изведбата на првата група** | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Пеат во умерено темпо | | |
| Употребуваат точна динамика | | |

| **Вреднување на изведбата на втората група** | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Пеат во умерено темпо | | |
| Употребуваат точна динамика | | |

Повратна информација од наставникот:
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

Следува еден пример од оперативниот час од одделнски наставник во V одделение;

**Содржина: ПЕЕЊЕ ПО НОТИ**

Наставната содржина „Пеење по ноти", за разлика од наставната содржина „Пеење по слух" е покомплексна. Учениците истовремено ќе треба : да читаат ноти, точно да го тактираат времетраењето на нотите и мелодиски точно да пеат.

Цели:

- ученикот – ученичката да пее по ноти со тактирање.

Наставни средства: слики, апликации, наставни ливчиња, аудио – визуелни средства, лаптоп и др

Процесот на обработка на песна по ноти се одвива во следните фази:

• мотивација: создавање расположение преку: слики, кратка приказна, прашања и др.;

• текстуална обработка: читање на текстот на песната (изразно), може да го прочита наставникот или еден ученик (да се води грижа секогаш да биде различен ученик), се објаснуваат непознатите зборови и се разговара за содржината на текстот;

• распејување: на неутрален слог;

• демонстрација: пеење на целата песна по ноти;

• ритмичка обработка:

• ритмичко тактирање на неутрален слог (по фрази наставник - ученици);

• ритмичко тактирање со именување на тоновите (по фрази наставник – ученици);

• ритмичко тактирање со именување на тоновите на целата песна;

• мелодиска обработка:

• ритмичко – мелодиско тактирање на песната (по фрази наставник- ученици);

• ритмичко – мелодиско тактирање на целата песната;

• пеење по строфи: затоа што учениците мелодиски ја имаат совладано песната, понатаму ја учат по строфи (наставник – ученици);

• пеење на песната: усвоената песна учениците еднаш ја пеат фронтално (треба да се обрне вни- мание на правилниот пејачки став, јасната дикција, интонацијата, темпото и динамиката)

• карактер на песната: преку пеењето учениците треба да го почувствуваат и доловат карактерот и пораката на песната и да уживаат додека ја пеат;

• рефлексија: на крајот на часот треба да се повтори пеењето на песната по ноти во групи.

| Музичко образование | V одделение |
|---|---|
| **Наставна тема:** Слушање музика | |
| **Наставна содржина:** Слушање „Пештерата на шмскиот крал“ – Едвард Григ | |
| *Цели:*<br>- ученикот/ученичката да дискутира за впечатоците;<br>- да доживува изведба во основните видови на темпо и постепените промени на темпото;<br>- да развие способност за воочување и именување на основните видови на темпо и промените на темпото во музичките дела;<br>- да доживува изведба во основни видови на динамика и постепени промени на динамиката;<br>- да развива способност за воочување и именување на основните видови на динамика и постепените промени на | |
| *Наставни форми и методи:* фронтална, групна и индивидуална;<br>- дијалошка и демонстративна. | |
| *Потребни ресурси /наставни средства и материјали:* слики, наставни ливчиња, аудио – визуелни средства и др. | |

| Организација и | | |
|---|---|---|
| | Наставн | Учени |
| I фаза | • раскажување на приказната за Пер Гинт; | • учениците ја слушаат приказната; |
| II фаза | - кратка биографија за компзиторот;<br>- изразување на чувствата на учениците,<br>- координирање на часот и поставување на задачи:<br>- соопштување на точните одговори; | • *слушање по прв пат:*<br>- изразување на чувства: весело тажно, нервозно, спокојно, страв, напнатост опуштеност;<br>• *слушање по втор пат:*<br>- определуваат темпо во наставните ливчиња;<br>• *слушање по трет пат:*<br>- определуваат динамика; |
| III фаза | • организирање на учениците за да изведат движења;<br>• определувате еден да биде шумски крал Пер, а останатите тролови кои го бркаат Пер низ | • учениците изведуваат движења според музиката и приказната. |
| *Методи за оценување на учениците:*<br>• следење на активноста на учениците на часот;<br>• секој од учениците добива повратна информција на наставното ливче и оценка. | | |

Наставно ливче
Име и презиме______________________

1. Во какво темпо започнува, а во кокво темпо завршува композицијата?

_______________________________________________________________

2. Каква динамичка промена почувствувавте - крешендо или декрешендо?

Следува еден пример од оперативниот час во VI одделение во деветгодишно основно образование во вториот развоен период со модел и дизајн во форма на групи.

## Оперативен план за наставен час

Октомври

**VI одд**

**Тема: Свирење на детски музички инструменти (ДМИ)**

**Наставна единица:** Свирење ма детски музички инструменти- мелодиски со темпо

**Тип на час: обработка**

**Цели :** ученик/ученичка

- Да развива чувство за мелодија со темпо
- Да се оспособува да свири и музицира во група
- Да с е оспособува да свири и музицира индивидуално
- Да осетува и чусвствува темпо со свирената мелодија

**Наставни средства:** учебник, мелодија, мелодиска вежба во партитура, канон, мелодиска вежба со одреден темпо;

**Активности(наставникот):** ги дели учениците во групу според ДМИ, помага, објаснува и начинот на свирење на ДМИ: индивидуално, двојки, група, фронтално.

**Активности(ученик):**

**Група на ученици со ударни ДМИ** (трангл, дајре, чинели, стапчиња, мал тапан, металофон, раце)

**Група на ученици со дувачки ДМИ (** блок флејта, мелодика)

**Група на ученици со жичени музички инструменти** (мандолина, китара)

**Презентација на групи:** учениците презентираат(демонстрираат) својот дел од песната или мелодиската вежба или канон, свирејќи во форма: индивидуални, двојки, група ДМИ.

**Вреднување и оценување**: индивидуално, двојки, групно и фронтално ангажирање, меѓусебно соработка по меѓу самите ученици и групи, презентација преку демонстрација на групи со свирење на ДМИ и вреднување и оценување по меѓу самите ученици со фокус на натпреварувачи карактер по меѓу учениците и групите. Оценувањето е формативно

**Очекувани (добиени) резултати:** свирење на ДМИ од страна на учениците со одреден темпо и мелодија во форма: индивидуално, двојки, групно и фронтално, свирење на партитурата со одереден темпо.

Наставник:

## Оперативен план за наставен час

Октомври

**VI одд**

**Тема: Вокална музика**

**Наставна единица:** Видови на вокални ансамбли, детски, женски,машки. мешовит

**Тип на час: обработка**

**Цели :** ученик/ученичка

- Да учи за поимот вокален состав-ансамбел ;
- Да се оспособува да ги разликува вокалните ансамбли;
- Да познава видовина вокални ансамбли преку слушање;
- Да осетува и чусвствува разноликоста на видови вокални состави;

**Наставни средства:** учебник, фотографии, аудиу ЦД, ДВД, интернет

**Активности(наставникот):** ги дели учениците во групи, помага, објаснува на начинот на делење на групите и непознатите поими.

**Активности(ученик):**

**Група на ученици** (преку слушање на аудио и ЦД и ДВД и фотографии од учебникот ќе истражуваат за детскиот вокален состав-ансамбел)

**Група на ученици** (преку слушање на аудио и ЦД и ДВД и фотографии од учебникот ќе истражуваат за женскиот состав со сите карактеристики)

**Група на ученици** (преку слушање на аудио и ЦД и ДВД и фотографии од учебникот ќе истражуваат за машкиот состав со сите карактеристики и)

**Група на ученици** (преку слушање на аудио и ЦД и ДВД и фотографии од учебникот ќе истражуваат за мешовит состав со сите карактеристики)

**Презентација на групи:** по еден ученик од секоја група презентира за секој состав што имале за задача даги опишуваат и обработаат од слушање на аудио ЦДи ДВД, секој пооделно со сите карактеристики што ги има еден вокален состав.

**Вреднување и оценување**: индивидуално, двојки, групно и фронтално ангажирање, меѓусебно соработка по меѓу самите ученици и групи, презентација на групи за вокалните состави и вреднување и оценување по меѓу самите ученици со фокус на натпреварувачи карактер по меѓу учениците и групите. Оценувањето е формативно

**Очекувани (добиени) резултати:** учениците презентираат по групи за секој вокален состав-ансамбел: детски, женски, машки и мешовит состав, ги разликуваат видови на гласови од секој состав на вокалните ансамбли по структура, содржина и интерпретација. Оценувањето е формативно

Наставник:

Оперативен час со тематска содржина ДМИ-Детски музички инструменти

**ДЕТСКИ МУЗИЧКИ**

**ИНСТРУМЕНТИ -**

**Ритмички**



Прапорци



Стапчиња



Чинели



Триангл



Дајре (Тамбурин)



Маракас



Барабанче

**Мелодиски**



Металофон (метални плочки)
Ксилофон (дрвени плочки)



Блок - флејта

## Положба на тоновите на: клавијатура, петолиние и блок – флејта









*ЗАБЕЛЕШКА: Во наставната тема „Свирење на детски музички инструменти“ внатрешна интеграција на часовите може да планирате со: Музичка писменост, Музичка граматика, Музичко изразување и творење и Народно музичко творештво. Надворешна интеграција: македонски јазик, ликовно образование и физичко образование и математика.*

*Само што ќе им спомнете на учениците дека ќе свират на инструменти, тоа за нив ќе пре- тставува голема мотивација за активност на часот.*

Цели:

- ученикот/ученичката правилно да свири на ДМИ (ритмички);
- да ја развива техниката на свирење на блок - флејта;
- правилно да го употребува прсторедот на тоновите си1 и до2 ;

Наставни средства: детски музички инструменти или инструменти изработени од учениците, лаптоп и др.

**Ритмички вежби со осмина нота и пауза (ритмички инструменти):**

• *мотивација:*

- тактирање на ритмичките вежби;

• *свирење на ДМИ (ритмички):* во зависност какви ритмички инструменти имате и колку, така и ги делите инструментите (со повторување на вежбите учениците ги сменуваат инструментите);

- наставникот демонстрира свирење на вежбата;
- свирење на вежбата по фрази (наставник – ученици);
- учениците ја свират вежбата (фронтално);
- свирење на вежбата по групи;
- доколу сте планирале и друга вежба за свирење ја работите по истата постапка;

• *рефлексија:*

- учениците одбираат која вежба да ја свират по групи (секој ученик на својот лаптоп ги снима групите).

**Мелодиски вежби за блок – флејти (опсег до$^{1}$ – до$^{2}$):**

• *мотивација:*

- тактирање на вежбите;

• *свирење на блок – флејти:* доколку немате доволно инструменти за сите ученици, ги делите на групи (додека едната група свири, другата група ја пее вежбата мелодиски или, пак, го плеска ритамот со дланки на четвртини);

- наставникот демонстрира свирење на вежбата;
- свирење на вежбата по фрази (наставник-ученици);
- учениците ја свират вежбата (фронтално);
- свирење на вежбата по групи;
- доколку сте планирале и друга вежба за свирење ја работите по истата постапка;

• *рефлексија:*

- учениците одбираат која вежба да ја свират по групи (секој ученик на својот

лаптоп ги снима групите).

Ученикот /ученичката:

• да развива желба за свирење на детски музички инструменти;

• да знае правилно да свири на детски музички инструменти;

• да знае правилно да го употребува прсторедот на тоновите на блок - флејта;

• да се оспособи за колективно музицирање;

• да развие способност да се слуша себеси и другите при ансамблово свирење.

*Следење и оценување на постигањата на учениците*

*Формативно: следење на активноста на ученикот во групата, соработка, разговор, способност за емотивно доживување на композициите кои ги изведуваат, развој на креативна способност.*

*Сумативно: начинот на свирење на детски музички инструменти, да свири во одредено темпо, да свири во одредена динамика и промени во динамиката.*

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување ни е примена (имплементација) на современите дидактички модели во вториот циклус по предметот музичко образование од основно деветгодишно образование.

2.ЦЕЛ; да се испитаат примената (имплеметацијата) на современите дидактички модели во вториот циклус во наставата по музичко образование од деветгодишно основно образование.

3.ЗАДАЧИ:

1. Да се испита програмската поставеност од вториот циклус по предметот музичко образование од основно деветгодишно образование
2. Да се испитаат дизајните на современите дидактички модели во наставата по музичко образование во вториот циклус од девегодишно основно образование.
3. Да се испитаат примената на современите дидактички модели во вториот циклус по предмедметот музичко образование од основно деветгодишно образование
4. да се испита дидактичка компетентност за примена на современите дидактички модели во вториот циклус во наставата по музичко образование од основно девегодишно образование.

4.ХИПОТЕЗИ:

(главна).

Се претпоставува дека програмската поставеност овозможува користење на современи дидактички модели по предметот музичко образование во вториот циклус од основно деветгодишно образование.

ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ:

- **Се претпоставува дека** наставниците во деветтолетка дизајнираат сосвремени дидактички модели во наставата по музичко образование во вториот циклус од основно деветгодишно образование
- **Се претпоставува дека** наставниците применуваат современи дидактички модели во наставата по предметот музичко образование во вториот циклус од основно деветгодишно образование
- **Се претпоставува дека** наставниците од вториот циклус по предметот мјузичко образование се компетентни за дизајнирање на современите дидактички модели.
- **Се претпоставува дека** обуките, семинарите, проектите и иновациите, позитивно влијаат врз современите дидактичките компетенци на наставниците во вториот циклус по предметот музичко образование во основно деветгодишно образование.

5..ВАРИЈАБЛИ:

Независна варијабла: пол, возраст, работен стаж, програмаска поставеност, степен на образование.

Зависна варијабла: ставови на наставниците, дидактички компетенции и модели.

## 6. Примерок на истражувањето

Истражувањето се изврши во петнаесет основни училишта од вториот развоен циклус од деветтолетка - (IV-VI одд) , пет училишта од градот Скопје, пет училишта од Куманово и пет училишта од општина Липково. Примерокот во истражувањето ќе биде по случаен избор и ќе опфати вкупно 80 наставници.

Во истражувањето се анкетирани со анкетниот прашалник и наставниците по музичко образование кои се влучени во наставата во основното образование и тоа како предметна настава од центрите Охрид, Струга, Кичево, Маврово, Дебар, Гостивар, Тетово, Куманово, Велес (Јаболчиште), Скопје (со околните општини), Општина Липково.

**Список на училишта кои се анкетирани во Скопје**

| Р.б | Име на училиште |
|---|---|
| 1. | ОУ. Рајко Жинзифов |
| 2. | ОУ. Јане Сандански |
| 3. | ОУ. 7 Марси |
| 4. | ОУ. Конгреси и Манастирит |
| 5. | ОУ. 25 Мај |

**Список на училишта кои се анкетирани во Куманово**

| Р.б | Име на училиште |
|---|---|
| 1. | ОУ. Кочо Рацин |
| 2. | ОУ. Крсте Мисирков |
| 3. | ОУ. Бајрам Шабани |
| 4. | ОУ. Наим Фрашери |
| 5. | ОУ. Јероним де Рада |

**Список на училишта кои се анкетирани во Липково**

| Р.б | Име на училиште |
|---|---|
| 1. | ОУ. Дитуриа |
| 2. | ОУ. Фаик Коница |
| 3. | ОУ.Култура |
| 4. | ОУ. Рилиндја |
| 5. | ОУ. А.З. Чајупи |

## 7. Метод на истражувањето

Во истражувањето ќе се користи методот на теоретска анализа и дескриптивниот метод. Користена е техничка анализа на содржините на програмската поставеност по предметот музичко образование во вториот циклус од деветтолетка.

## 8. Техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето е кванитативно и квалитативно

Во фазата на собирање на податоци ќе се користат податоците од наведените училишта во примерокот.

Во ова фаза на собирање на податоци ќе се користи техниката на анкетирање со инструметот- анкетен прашалник.

Анкетен прашалник за наставниците (е анонимен со цел да се добијат поискрени одговори ) на основните училишта е составен од 16 прашања од затворен, отворен и комбиниран тип на прашањата.

Од инструменти за истражувањето ќе се користи дизајниран анкетен прашалник кој е наменет за наставниците кои изведуваат настава по предметот по музичко

образование во вториот развоен циклус во деветгодишно основно училиште. Со помош на инструментот ќе се испита примена на современите дидактички модели на наставата по предметот музичко образование во вториот развоен циклус од деветолетка.

## 9. Статистичка обработка на податоците

Добиените резултати и мислења од примерокот вклучен во истражувањето, се средуваа, групираа, табелираа и рангираа и се пресметаа просечни по вредности.

Потоа се анализираа сите добиени податоци за да се утврдуваат позитивните страни од современиот модел на наставата.

Резултатите од истржувањето се прикажани табеларно, а заради подобра прегледност и појасен увид дадени се и графички прикази. Истите се прикажани со дистрибуција на фреквенција и процентуално. Направена е компарација на мисленњата по одредени прашања на наставниците по предметна настава и одделенска настава

Разликите од мисленњата на наставниците се анализирани со $\chi^2$ тест. За статистички значајни се земени разликите $p < 0.05$.

# ТРЕТ ДЕЛ

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетниот прашалник

Истражувањето е реализирано во општините Скопје, Куманово и Липково.

Во истражувањето се анкетирани со анкетниот прашалник и наставниците по музичко образование кои се влучени во наставата во основното образование и то како предметна настава од центрите Охрид, Струга, Кичево, Маврово, Гостивар, Тетово, Куманово, Скопје (со околните општини), Општина Липково.

Примеркот во истражувањето е случаен и опфати вкупно 80 наставника и тоа :

40 одделенски наставници и 40 предметни наставници, зошто во вториот цилус од девтолетка предаваат во IV и V одделение предаваат одделенски наставници а во VI одделение предметен наставник. Од истражувањето ке добиваме двојни ставови за современите модели во наставата попредметот музичко образование во вториот циклус од деветгодишно основно образование.

Училиштата кои беа вклучени со поголем број на наставници од одделенска настава и предметна настава, се:

**Список на училишта кои се анкетирани во Скопје**

| Р.б | Име на училиште | Предметен наставник | Одделенски наставник | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ. Рајко Жинзифов | 2 | 2 | 4 |
| 2. | ОУ. Јане Сандански | 3 | 1 | 4 |
| 3. | ОУ. Лириа | 2 | 2 | 4 |
| 4. | ОУ. Конгреси и Манастирит | 3 | 1 | 4 |
| 5. | ОУ. 25 Мај | 3 | 2 | 5 |
| | Вкупно | 13 | 8 | 21 |

**Список на училишта кои се анкетирани во Скопје**

| Р.б | Име на училиште | Предметен наставник | Одделенски наставник | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ. Браќа Миладиновци | 3 | 2 | 5 |
| 2. | ОУ. Кочо Рацин | 3 | 2 | 5 |
| 3. | ОУ. Наим Фрашери | 3 | 2 | 5 |
| 4. | ОУ. Бајрам Шабани | 3 | 2 | 5 |
| 5. | ОУ. Јероним де Рада | 3 | 1 | 4 |
| | Вкупно | 15 | 9 | 24 |

**Список на училишта кои се анкетирани во Куманово**

| Р.б | Име научилиште | Предметен наставник | Одделенски наставник | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ. Рајко Жинзифов | 2 | 2 | 4 |
| 2. | ОУ. Јане Сандански | 3 | 1 | 4 |
| 3. | ОУ. Лириа | 2 | 2 | 4 |
| 4. | ОУ. Конгреси и Манастирит | 3 | 1 | 4 |
| 5. | ОУ. 25 Мај | 3 | 2 | 5 |
| | Вкупно | 13 | 8 | 21 |

**Список на училишта кои се анкетирани во Липково**

| Р.б | Име н аучилиште | Предметен наставник | Одделенски наставник | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ. Дитуриа | 3 | 1 | 4 |
| 2. | ОУ. Рилиндја | 3 | 1 | 4 |
| 3. | ОУ. Култура | 3 | 2 | 5 |
| 4. | ОУ. 7 Марси | 2 | 1 | 3 |
| 5. | ОУ. Фаик Коница | 3 | 1 | 4 |
| | Вкупно | 14 | 6 | 20 |

**Список на училишта кои се анкетирани само предметен наставник**

| Р.б | Име на училиште | Предметен наставник |
|---|---|---|
| 1. | ОУ. Нури Мазари-Делогожда | 1 |
| 2. | ОУ. Санде Штерјоски-Кичево | 1 |
| 3. | ОУ. Лириа-Грешница | 1 |
| 4. | ОУ. Исмаил Ќемали-Гостивар | 1 |
| 5. | ОУ. Истигбал-Тетово | 1 |
| 6. | ОУ. Сами Фрашери-Боговиње | 1 |
| 7. | ОУ. Лириа-Јаболчиште | 1 |
| 8. | ОУ. Брвеница | 1 |
| 9. | ОУ. Кузман Јосифовски-Питу Скопје-Центар | 1 |
| 10 | ОУ. 11 Октомври Цкопје – Центар 1 | 1 |
| | ОУ. Браќа Миладиновци | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Аеродром-Скопје | 1 |
| 12. | ОУ. 7 Марси - | 1 |
| 13. | ОУ.Емин Дураку<br>Буковиќ-Сарај | 1 |
| 14. | ОУ. Илинден<br>Крива Паланка | 1 |
| 15. | ОУ. Ѓорѓи Ѓулевски<br>Ростуше - Маврово | 1 |
| | Вкупно | 15 |

Предметни наставници по музичко образование кои го пополниле анкетниот прашалник во истражувањето.

На поставеното трето прашање од анкетниот прашалник, **наведете ги кои форми на работа ги употребувате во наставата по предметот музичко образование во вториот период од деветтолетка** од сите наставници ги добивме овие тврдења. Под А) ги добивме следниве податоци; 45 наставници или 56.25 % ги употребуваат следните форми на работа: фронтална, индивидуална, групна и парови. Под Б) останати групи се 35 наставници или 43.75%,

Табела бр.1.Ставови на наставниците во однос на форми кои ги употребуваат во наставата по музичко образование

| Сите наставници | | | |
|---|---|---|---|
| Р.б | Ставови | *f* | % |
| 1 | А | 45 | 56.25 |
| 2 | Б | 35 | 43,75 |
| | ВКУПНО | 80 | 100 |

**Графикон: 1** Ставови на наставниците во однос на форми кои ги употребуваат во наставата по музичко образование




